Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 22.11.2019

На 22.11.2019 во 00.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје од ул. „Јуриј Гагарин" го лишиле од слобода Д.С.(29) од Кочани, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.11.2019 околу 18.30 часот, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.Ш.(54) од Тетово, поради тоа што при претрес во неговиот дом на ул.„Киро Ристоски Дрнц" во Тетово, извршен со судска

наредба, биле пронајдени и одземени повеќе различни пакувања со кафеава и со бела прашкаста материја, различни предмети со остатоци од кафеава прашкаста материја, неколку предмети со остатоци од бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Џ.Р.(62) и М.Ш.(55), двајцата од с.Матејче и против Т.Е.(37) од с.Ропаљце, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Џ.Р., поранешен ВД директор на ОСУ „Култура" од с. Матејче, распишал оглас во 2015 година за пополнување на работно место наставник во подрачно училиште во состав на ОСУ „Култура", при што вработил лице кое имало завршено средно образование, на штета на А.Р.М., која ги исполнувала бараните услови. Притоа, тој во периодот од 01.09.2015 изготвил Договор за вработување на определено време со висина на плата од 19.800 денари месечно, кој бил продолжуван до 31.08.2018 година. По истекување на овој договор, М.Ш., директор на ООУ „Култура" во с.Матејче, продолжил со изготвување нови договори, почнувајќи од 01.09.2018 до 31.05.2019 за работа во ООУ „КУЛТУРА" с. Матејче – подрачно ОУ „5 Октомври"- с.Никуштак, кое е нов правен субјект и нема надлежности за склучување на договори за вработување. Т.Е., ВД директор на ООУ „5-ти Октомври" - с.Никуштак, премолчувајќи го фактот дека неговиот вработен како наставник по одделенска настава бил со несоодветно образование, му дозволил да работи во училиштето, а договорите за вработување на определено време да ги изготвува М.Ш, како директор на друг правен субјект.

На 21.11.2019 во 15.57 часот во Скопје, полициски службеници од Полициска станица Аеродром ја лишиле од слобода Ж.П.(59) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава од М.А., сопственик на угостителски објект во Скопје. Тој пријавил дека во игротеката во угостителскиот објект, пријавената физичка нападнала малолетно дете. По преземени мерки било утврдено дека таа била ангажирана да работи како дадилка кај Д.Д.(43) од Скопје и физички го нападнала нејзиниот двегодишен син. Увид на местото на настанот извршил јавен обвинител и екипа од СВР Скопје.

Во текот на 21.11.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **13**возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **19** возачи, од кои: **четири** возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, **11** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и **четири** возачи - почетници кои не ги почитувале сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и **16** возила, бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **шест** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, **двајца** возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, **три** возачи поради неправилно престројување, **10** возачи поради неправилно престигнување, **двајца** возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, **девет** возачи поради неносење сигурносен појас за време на

управување на моторно возило и **17** возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се **14** пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се **87** мандатни платни налози и **73** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 21.11.2019 во 22.55 часот на кружниот тек на влез во Струга, патничко моторно возило „мерцедес", со охридски регистарски ознаки, управувано од К.А.(44) од Охрид, излетало од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во болницата „Свети Еразмо"- Охрид за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Струга.

Полициски службеници од СВР Битола на 21.11.2019 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека **четири**возачи управувале возило без возачка дозвола, **три** возила биле нерегистрирани, **20** возачи зборувале на мобилен телефон додека управувале возило, а додека **шест** возачи управувале возило под дејство на алкохол и тие се исклучени од сообраќај. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 21.11.2019 во периодот од 11.00 до 16.00 часот СВР Штип спроведе засилена акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување. Притоа, било констатирано дека **19** возачи извршиле непрописно престигнување, од кои **седум** на подрачјето на Штип, **четири** во Кочани, **пет** во Виница и **три** во Свети Николе. За сите прекршоци изречени се соодветни казни. Санкционирани се и **28** останати прекршоци.

На 21.11.2019 во периодот од 11.00 до 16.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола над возачи кои вршат неправилно престигнување и обиколување. Притоа, констатирани се **12** прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

На 21.11.2019 во 12.20 часот на ул.„Борис Трајковски" во Велес, патничко моторно возило „фиат пунто", со велешки регистарски ознаки, управувано Н.Д.(67) од Велес, удрило во пешакот П.Б.(86) од Велес. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Општата болница Велес за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Велес.

На 21.11.2019 во периодот од 11.00 до 16.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачите кои вршат неправилно престигнување. Притоа, откриени се девет прекршоци, од кои **три**во Велес**,** **пет** во Кавадарци и **еден** во Неготино. За сите прекршоци изречени се соодветни казни.

На 21.11.2019 во 15.00 часот во Полициската станица Чаир, В.М.(26) од Скопје пријавила дека на ул.„30" во населбата Радишани била касната од

куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 21.11.2019 во 16.25 часот на ул.„Андреа Јованоски" во Охрид се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „лада", со охридски регистарски ознаки, управувано од З.З.(55) од Струга и мопед „баотиан", со охридски регистарски ознаки, управуван од Б.П.(29) од Охрид. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во болницата „Свети Еразмо" во Охрид за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Охрид.

На 21.11.2019 во 10.00 часот во Полициска станица Гази Баба, Т.П.(63) од Скопје пријавил дека на ул.„Париска комуна" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Единицата за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.П.(25) од Скопје, поради постоење на основи на сомнение за сторени две кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 18.11.2019 полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, врз основа на судска наредба, извршиле претрес во домот на пријавениот во населбата Ѓорче Петров, при што биле пронајдени и одземени марихуана, огледало со остатоци од амфетамин и кокаин, дигиталната вага со остатоци од тетрахидроканабинол и кокаин и 15 куршуми калибар 22LR и еден куршум со калибар 7,65мм.

Полициската станица Гевгелија поднесе кривична пријава против К.Р.(58) од с.Прдејци, гевгелиско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама во службата". Пријавениот, во текот на декември 2018, како геодет во геодетска фирма од Гевгелија, лажно им ветил на оштетените Б.А. и Д.У. дека ќе им изготви геодетски елаборати потребни во постапка за легализација на бесправно изградени објекти, при што Б.А. му дал на рака парични средства во висина од 24.000 денари, а Д.У. во два наврата му дала вкупно 15.000 денари. Оштетените биле доведени и држени во заблуда од пријавениот дека геодетските елаборати се изготвени и доставени до Одделението за урбанизам при Општина Гевгелија, сè додека не добиле правен акт од Одделението за урбанизам, со кој нивното барање за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти било отфрлено од причина што не бил доставен геодетски елаборат во законски предвидениот рок.

На 21.11.2019 во 20.00 часот во СВР Скопје, П.А.(57) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ", со употреба на тврд предмет, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.11.2019 во 02.30 часот во СВР Скопје, И.Т.(31) од Скопје пријавил дека околу 00.00 часот во гаража од зграда на ул.„50-та дивизија", со

употреба на тврд предмет, бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.11.2019 во 04.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во казино на магистралниот пат Скопје - Граничен премин „Блаце" две лица со закана одзеле пари и мобилни телефони. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.11.2019 во 14.50 часот во СВР Скопје, Г.В.(39) од Скопје пријавила дека на 20.11.2019 околу 13.30 часот на зелениот пазар на ул.„11-ти Октомври" нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од Б.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.11.2019 околу 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во фирма на бул.„Војводина", додека извршувал работни задачи, со тешки телесни повреди се здобил Б.В.(27) од Скопје. Тој бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.11.2019 околу 15.00 часот во СВР Скопје, М.М.(22) од Валандово пријавил дека на ул.„Никола Карев" во Скопје, едно лице со закана му одзело ланче. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.11.2019 во 18.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул.„1" во с.Трубарево, скопско, едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.11.2019 околу 22.00 часот М.Н.(27) од Палестина пријавил дека околу 21.00 часот на автопатот Куманово - Граничен премин „Табановце" од страна на непознати лица бил физички нападнат и му биле одземени пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Полициска станица Прилеп поднесе кривична пријава против З.Р.(39) и И.К.(47), двајцата од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 11.03.2019 на ул.,,11 Октомври" во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед на Н.Ш.(31) од Прилеп, при што пронашле и одзеле метамфетамин и шише раствор со метадон, кои претходно ги набавил од пријавените.

На 22.11.2019 во 00.50 часот во СВР Скопје, Н.Д.(23) од Скопје пријавил дека околу 00.40 часот во близина на трговски центар две лица со закана му одзеле паричник и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.11.2019 околу 19.30 часот во Полициската станица Велес, А.К.(63) од Велес пријавил дека на 20.11.2019 околу 19.00 часот на ул.„Благој Ѓорев" бил каснат од куче скитник на левата потколеница.

На 20.11.2019 околу 17.00 часот во СВР Скопје, од Итна медицинска помош било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со повреди од огнено оружје биле донесени две лица. По преземени мерки утврдено е дека станува збор за лицата Н.М.(32) од с.Морани, скопско, и Н.Ф.(44) од с.Дејковец, општина Зелениково. Двајцата повредени, во разговор со полициски службеници, изјавиле дека биле повредени со ловна пушка, од нивниот другар Т.Ш.(34) од с.Студеничани, скопско, околу 15.00 часот во близина на с.Дејковец, додека ловеле диви свињи. Со Т.Ш. бил извршен разговор во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.11.2019 во Полициската станица Кичево, А.В.(51) од Кичево пријавил дека во 06.30 часот на бул.„Ослободување" бил каснат од куче скитник на левата потколеница.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)